**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1003-225/2**
**Скопје, 20.03.2007 година**

**ДО**

**МАКЕДОНСКА БАНКА ЗА ПОДРШКА НА РАЗВОЈОТ АД**
**СКОПЈЕ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Македонската банка за подршка на развојот АД за 2005 година, кои се прикажани на страните 3 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Државниот завод за ревизија нема извршено ревизија на финансиските извештаи на Македонската банка за подршка на развојот за 2004 година како година која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Војислав Бислимовски – Прв Генерален Директор,
- Сабина Факиќ - Втор Генерален Директор.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 18.12.2006 до 07.02.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата.



*Овластен државен ревизор*
_______________________

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни корекции на финансиските извештаи прифатени и спроведени од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Според наше мислење финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, во сите значајни аспекти финансиската состојба на Македонската банка за подршка на развојот АД под 31 декември 2005 година и резултатот на финансиските активности за годината која завршува со тој датум.

11. Според наше мислење во Македонската банка за подршка на развојот АД е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции.

**Скопје, 19/03/2007** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2005 ГОДИНА

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2005** | **2004** |
| Приходи од камати | 116,484 | 121,812 |
| Расходи од камати | 27,008 | 29,887 |
| **Нето приходи од камати** | **89,476** | **91,925** |
| Приходи од провизии и надоместоци | 27,723 | 18,384 |
| Расходи од провизии и надоместоци | 11,276 | 7,738 |
| **Нето приходи од провизии** | **16,447** | **10,646** |
| **Останати приходи од дејноста** | **642** | **3,380** |
| **Нето курсни разлики** | **(1,714)** | **1,020** |
| **Нето ефекти од резервирање за ризици по основ на дадени кредити** | **(4,890)** | **(27,068)** |
| **Останати расходи од дејноста** | **42,893** | **42,656** |
| **Добивка пред оданочување** | **57,068** | **37,247** |
| Данок од добивка | **5,825** | **6,088** |
| **Добивка по оданочување** | **51,243** | **31,159** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

| | | **Во 000 денари** |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2005** | **2004** |
| **АКТИВА** | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 671,957 | 1,129,869 |
| Побарувања од домашни банки | 1,453,266 | 904,848 |
| Вложувања | 91,731 | 255,048 |
| Средства добиени во замена за сомнителни и спорни побарувања | 0 | 9,685 |
| Побарувања за камати и друга актива | 28,733 | 17,193 |
| Материјални и нематеријални вложувања | 123,229 | 4,699 |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **2,368,916** | **2,321,342** |
| **ПАСИВА** | | |
| Обврски по кредити | 1,088,990 | 1,195,334 |
| Обврски за камати | 15,530 | 12,956 |
| Обврски за помалку платени даноци и придонеси | 2,740 | 4,493 |
| Обврски по работи во девизи во име и за сметка на нефинансиски правни лица | 127,924 | 104,021 |
| Обврски во пресметка од деловни односи | 2,222 | 1,295 |
| Останати обврски | 6,416 | 3,614 |
| Посебен резервен фонд | 3,679 | 2,893 |
| Капитал и резерви | 1,121,415 | 996,736 |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | **2,368,916** | **2,321,342** |

## ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2005 ГОДИНА

**Во 000 денари**

| | **Запишан капитал** | **Резерви** | **Резервен фонд на сигурност и осигурување од политички ризици** | **Добивка за финансиска добивка** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на ден 01 Јануари 2005** | **932,400** | **33,177** | **0** | **31,159** | **996,736** |
| Нето добивка за годината | | | | 51,242 | 51,242 |
| Уплати | | | 73,436 | | 73,436 |
| Распределба во средства на резерви | | 16,159 | | (16,159) | 0 |
| Распределба во резерви на сигурност | | | 15,000 | (15,000) | 0 |
| **Состојба на ден 31. Декември 2005** | **932,400** | **49,337** | **88,436** | **51,242** | **1,121,415** |

## ПАРИЧЕН ТЕК ЗА 2005 ГОДИНА

| | 2005 |
|---|---:|
| **Добивка пред оданочување** | **57,067** |
| **Корегирано за:** | |
| Амортизација | 4,221 |
| Капитална загуба | 625 |
| Исправка на вредноста на камати и надоместоци | 1,322 |
| Нето курсни разлики | 1,714 |
| Нето ефекти од резервирање за ризици по основ на дадени кредити | 4,890 |
| Трошоци од минати години | 223 |
| Вонредни расходи | 162 |
| Резервирања за ризици по вонбилансни ставки | 786 |
| **Вкупно** | **13,943** |
| **Добивка пред промени во средствата и изворите** | **71,010** |
| | |
| **Промени во деловната актива/пасива** | |
| | |
| Побарувања од домашни банки | (551,304) |
| Средства добиени во замена за сомнителни и спорни побарувања | 3,631 |
| Други побарувања | (8,511) |
| Обврски за камати | 2,573 |
| Комисионо работење | 23,903 |
| Платени даноци од добивка | (7,578) |
| Обврски во пресметка од деловни односи | 705 |
| **Нето паричен тек од оперативно работење** | **(465,571)** |
| | |
| **Паричен тек од инвестициона активност** | |
| Материјални и нематеријални вложувања | (122,752) |
| Вложувања/Државни записи | 163,317 |
| **Нето паричен тек од инвестициона активност** | **40,565** |
| | |
| **Паричен тек од финансирање** | |
| Уплати во резерви | 73,436 |
| Обврски по кредити | (106,344) |
| **Нето паричен тек од финансирање** | **(32,908)** |
| | |
| **Вкупно намалување на паричниот тек** | **(457,914)** |
| | |
| **Парични средства и парични еквиваленти** | |
| Состојба 01.01.2005 | 1,129,871 |
| Состојба 31.12.2005 | 671,957 |
| **Намалување на парични средства и парични еквиваленти** | **(457,914)** |